ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# „КОМУНАЛЕЦ" СВЕТИ НИКОЛЕ

01 2022 10 01

Скопје, март 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 35 |
| Финансиски извештаи за 2021 и 2020 година: | |
| Биланс на успех | 36 |
| Биланс на состојба | 37 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 38 |
| Извештај за паричниот тек | 39 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 40 - 45 |
| - Сметководствени политики | 45 - 55 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 55 - 65 |

Прилог 1 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог 2 - Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

ЈКП – Јавно комунално претпријатие
ЈП ХС Злетовица - Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица
УО -Управен одбор
ГПЈН – Годишен план за јавни набавки
МСС –Меѓународни сметководствени стандарди
МТВ – Министерство за транспорт и врски
МЖСПП- Министерство за животна средина и просторно планирање
ЗОУ- Закон за управување со отпадот
МИОА- Министерство за информатичко општество и администрација
Interreg IPA CBC – Програма за прекугранична соработка

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 29-135/6
Дата: 24.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија  изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ Свети Николе за 2021 година.

Со извршената ревизија за 2021 година изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе за 2008 година при што изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на проверка со тековната ревизија.

Со  извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈКП „Комуналец“ Свети Николе за 2021 година констатирани се следниве состојби:

- за активностите поврзани со одделни процеси, не се донесени пишани процедури и не се воспоставени внатрешни контроли;
- во ЈКП не е формирана единица за внатрешна ревизија;
- само со 57% од корисниците на услугите на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе, се склучени договори за извршените услуги;
- создадениот отпад не се селектира, не се врши мерење на изнесениот отпад и не е воспоставена соодветна евиденција;

- во трговскиот регистар не е извршен упис на основната главнина и не е утврдена пазарна вредност на имотот;
- во трговските книги евидентирани се објекти и земјиште за кои не се обезбедени документи за сопственост;
- пописот на средствата и обврските не е целосно и правилно спроведен;
- проценувањето на билансните позиции не е во согласност со МСС;
- не се преземени мерки за наплата на побарувањата во минати години, ниту е извршена проценка на степенот на наплатливост на истите заради понатамошно постапување;
- по основ на надоместоци спрема Буџетот на Општина Свети Николе за одржување на јавна чистота во сметководствената евиденција се искажани, а не се платени обврски во износ од 24.834 илјади денари;
- утврдено е дека процентот на загуба на вода изнесува 38%, што е резултат на незаконско приклучување и потрошувачка, нефактурирана потрошувачка и др.;
- утврдени се недоследности во процесот на доделувањето и реализација на договорите за јавни набавки;
- направени се трошоци за воспоставување на паркинг менаџмент систем без претходно обезбедени одобренија и проектна документација и
- признавањето на дел од трошоците е без соодветна поткрепувачка документација.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата истакнува дека заради неможноста за редовно плаќање на обврските кон ЈП ХС Злетовица од страна на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе кои со 31.12.2022 година се утврдени на 10.242 илјади денари и казнена камата во износ од 4.128 илјади денари постои можност ЈП ХС Злетовица да преземе дополнителни мерки за наплата на побарувањата, што би се одразило неповолно врз финансиската состојба на ЈКП во нареден период. Исто така, постои неизвесност во однос на исходот од вкупно 12 (дванаесет) судски постапки кои се во тек, со вкупен износ од 3.347 илјади денари.

Од страна на директорот на ЈКП Комуналец Свети Николе доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел од нив претставуваат известување за преземени мерки и активности по утврдени состојби и дадените препораки, една забелешка делумно се прифаќа, а три од забелешките не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 35 до 38 заедно со ревизија на усогласеност на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2008 година на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе, во кој ревизијата изразила неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе застапувано од:

- Александар Давитков, в.д. директор од 01.08.2020 година до 04.11.2021 година;
- Даниела Панова, в.д. директор од 05.11.2021 година до 25.01.2022 година и
- Зоран Јорданов в.д директор од 26.01.2022 година и директор од 20.05.2022 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.08.2022 година до 25.11.2022 кај ЈКП „Комуналец" Свети Николе од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ЈКП „Комуналец" Свети Николе за 2008 година при што изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 20.12.2022 година.

Добиени се забелешки број 0306-120 од 02.03.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на ЈКП Комуналец Свети Николе, од страна на г. Зоран Јорданов, директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-135/5 од 03.03.2023 година.
Забелешките се однесуваат на точка 4.1.1, 4.2.1, 4.2.3, 4.2.4, 4.2.8, 4.2.9, 4.2.10, 4.2.11, 4.3.3, 4.3.6, 4.3.7, 4.4.1, 4.4.2, 4.4.3, 4.4.4, 6.1 и 6.4. Истите се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано дека забелешката на точка 4.3.6 делумно се прифаќа, при што текстот на наодот во оваа точка соодветно ќе биде прилагоден, забелешката на точките 4.1.1, 4.3.3 и 4.4.2 не се прифаќа, а останатите преставуваат известување и образложение за констатираните состојби и преземени мерки или мерки кои ќе бидат преземени во идниот период.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Со извршената проверка на дизајнираниот систем и функционирањето на внатрешните контроли во јавното претпријатие, ревизијата ги утврди следните

состојби:

- ЈКП „Комуналец" Свети Николе нема донесено процедури за важните активности во работењето поврзани со економските операции со кои ќе се утврди текот на движење на документацијата за секое ниво на одговорност, поделба на должностите и одговорностите на лицата вклучени во процесите и систем за следење;
- отсуствува потврда за извршената контрола врз целосноста, комплетноста и точноста на податоците во документацијата, од причина што не е назначено лице за контрола и
- не е назначено лице кое ќе врши следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

Не преземените мерки и активности за воспоставување и функционирање на системот на внатрешни контроли во одделните процеси од работењето предвидени со Стандардот 12 – Процедури, Стандард 13 – Поделба на должностите и Стандард 14 - Надзор, создаваат ризик во трговските книги да се евидентираат трансакции кои не се веродостојни, комплетни и точни.

Препорака

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да преземат мерки и активности за:

- донесување на процедури за важните активности поврзани со економските операции и
- назначување одговорни лица кои ќе вршат проверка на комплетноста и точноста на податоците во документацијата и следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со Правилникот за систематизација на работните места[1] и Правилникот за внатрешна организација[2], ЈКП нема предвидено единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со одредбите од член 30 став 2 и член 31 став 1 алинеја 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со кои јавното претпријатие е должно да основа единица за внатрешна ревизија со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија.

Отсуството на внатрешна ревизија не обезбедува независно, разумно и објективно уверување и насоки за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола во насока на остварување на планираните цели.

[1] бр.0202-437/4 од 05.11.2018 година, бр.0202-158/3 од 08.04.2021 година и 0202-511/3-1 од 10.12.2021 година
[2] бр.0202-437/3 од 05.11.2018 година, бр.0202-158/2 од 08.04.2021 година

Во текот на ревизијата преземени се активности и извршена е измена на актите за систематизација и организација на работните места со воведување на ново работно место – советник внатрешен ревизор во рамки на Одделението за сметководство и наплата и истите се усвоени[3] од страна на УО на ЈКП по кои добиена е Писмена согласност бр. 09-578/3 од 23.02.2023 страна на МИОА.

**Препорака**

Надлежните органи на раководење и управување на ЈКП да преземат мерки и активности за пополнување на работното место внатрешен ревизор со цел воспоставување на систем за внатрешна ревизија.

4.2.2. Со стапување во сила на измената на Законот за јавните претпријатија од 13.02.2015 година[4], во јавните претпријатија се воведува категорија на вработени - јавни службеници, за кои важат одредбите од Законот за административни службеници.

Начинот на пресметка и исплата на плата во ЈКП е уреден со Правилникот[5] за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП „Комуналец" Свети Николе. Вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во се утврдува секоја година со одлука на основачот.

Со извршениот увид во документацијата поврзана со пресметка и исплата на плата на вработените, ревизијата утврди дека Правилникот не е во целост усогласен со законската регулатива во делот на основната компонента на плата за ниво, односно бројот на бодови за секое ниво, не се во согласност со бодовите предвидени во членот 87 став 3 од Законот за административни службеници. Исто така, Правилникот предвидува и дел на плата за степен на сложеност на работното место, која компонента не е предвидена во Законот за административни службеници. Констатираните состојби во делот на интерните акти за пресметка на плата доведува до отстапување на висината на платите утврдени за административните службеници на територијата на Република Северна Македонија.

**Препорака**

Одговорните лица на претпријатието да преземат мерки и активности за усогласување на Правилникот на плати со важечките законски прописи во делот на основната компонента на плата.

4.2.3.Согласно член 23-а од Законот за јавните претпријатија кој се однесува на

[3] Одлука за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр.0202-497-10/2 од 15.12.2022 година и Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈКП Комуналец бр.0202-497/9-2 од 15.12.2022 година

[4] Службен весник на РМ бр.41/2014

[5] Бр.0202-491/3 од 30.11.2018 година, бр. 0202-491/8 од 31.12.2019, бр.0202-352/4 од 17.08.2020, бр.0202-158/4-2 од 08.04.2021 и бр.0202-176/4 од 06.05.2021 година

обврските на раководниот орган во делот на известувањето е регулирано дека директорот е должен на секои шест месеци да доставува извештај за работата на јавното претпријатие до Управниот одбор односно градоначалникот на општината, особено со податоци за видот и обемот на извршените работи согласно дејноста на јавното претпријатие, како и податоци за финансиското работење. Оваа обврска во исто време претставува и одредба од Договорот за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата на директорот согласно со закон.

Со извршениот увид на документацијата ревизијата утврди дека директорот доставува шестмесечен извештај до УО и градоначалникот на општината, но истиот како и годишниот извештај содржи само показатели за финансиското работење, а не и наративен опис за работењето на ЈКП со податоци за оперативните активности, видот и обемот на извршените работи во текот на шест месечниот период.

Не постапувањето согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија го нарушува принципот на транспарентност и оневозможува во законски утврдените рокови органот на управување и основачот да дадат насоки за понатамошните активности на јавното претпријатие.

Препорака
Директорот на јавното претпријатие да преземе активности шест месечните извештаи / годишниот извештај за работењето да содржат наративни и финансиски податоци за секоја поединечна активност.

4.2.4. Согласно член 7 од Законот за јавните претпријатија водењето на сметководството, подготвувањето и поднесувањето на годишната сметка и финансиските извештаи истите го вршат во согласност со Законот за трговските друштва, каде во член 476 е предвидено трговските друштва по истекот на деловната година, да составуваат годишна сметка и финансиски извештаи. Годишната сметка треба да вклучува биланс на состојба, биланс на успех и објаснувачки белешки, а финансиските извештаи се состојат од биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Со извршениот увид во годишната сметка и финансиските извештаи утврдивме дека ЈКП „Комуналец" Свети Николе има изготвено и доставено до Советот на општината годишна сметка за 2021 година која содржи биланс на состојба, биланс на успех и објаснувачки белешки, кои се објавени на веб страната на општината. Не се изготвени посебни финансиски извештаи кои содржат извештај за промена на главнината, извештај за парични текови и применетите сметководствени политики, со што не е постапено согласно член 476 од Законот за трговски друштва.

Нецелосните финансиски извештаи не даваат дополнителни информации за состојбите во финансиските извештаи, што придонесува за нарушување на принципот на транспарентност во работењето на ЈКП и недоволна информираност на органот на управување и основачот за целокупното финансиско работење. Заради транспарентност за движење на парите од страна на ДРЗ се изготви извештај за паричен тек, како и извештај за промена на главнината.

Препорака
Одговорниот сметководител на ЈКП да изготвува посебен финансиски извештај кој ќе содржи извештај за промената на главнината, извештај за паричните текови и применетите сметководствени политики, согласно барањата на Законот за трговските друштва и Меѓународните стандарди за финансиско известување.

4.2.5.Согласно со одредбите од член 48 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, давателот и корисниците на услугите се должни да ги уредат меѓусебните права и обврски со договори во рок од една година од денот на влегување во сила на споменатиот закон[6]. Исто така, со член 43 став 8 од Законот за управување со отпадот[7] е уредено дека создавачите на комерцијален отпад се должни да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата на територијата на општината, а со член 63 став 2 од Законот за управување со отпадот[8] создавачите на комерцијален отпад се должни да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата или со лица кои поседуваат дозвола за управување со отпад.
Со извршениот увид утврдивме дека до денот на ревизијата склучени се договори со 57% од корисниците на услугите на ЈКП „Комуналец" Свети Николе, со кои се регулираат меѓусебните права и обврски.
Непочитување на законските одредби и недефинираните должничко доверителски односи придонесуваат за отежната наплата на извршените услуги како и влијаат на непречено остварување на правата и обврските на давателите и на корисниците на услугите.
ЈКП „Комуналец" Свети Николе во текот на ревизијата продолжи со активностите за склучување на договори со корисниците на услугите, но оваа активност сеуште не е завршена.

[6] „Службен весник на РМ" бр.68/04,
[7] „Службен весник на РМ" бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10,140/10, 51/11, 6/12, 123/12,147/13, 163/13, 27/14, 51/15, 146/15, 156/15,192/15, 39/16, 63/16 и 31/20
[8] Службен весник на РСМ, бр. 216 од 17.9.2021 година

Препорака

Надлежните органи на раководење и управување во ЈКП „Комуналец“ Свети Николе да продолжат со активностите за склучување договори со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со корисниците на услугите.

4.2.6. Според Одлуката[9] за утврден комунален ред на Советот на Општина Свети Николе, ЈКП има донесено Оперативна програма за изнесување, транспортирање и депонирање на цврст комунален и технолошки отпад.

Собирањето и транспортирањето на технолошки отпад се врши од градот Свети Николе и приградските населби, а остануваат околу 5 населени места во општината каде не е организирано собирање и транспортирање на отпадот, што има влијание на создавање диви депонии.

Со извршениот увид во начинот на кој ЈКП „Комуналец“ Свети Николе ги врши услугите во делот на работите на јавна чистота, констатирано е следново:

- На ниво на општина не е воспоставен систем на селектирање на создадениот отпад како еден од предусловите за намалување на количината на истиот, а во функција на заштита на животната средина што не е во согласност со член 44 од Законот за управување со отпадот[10] и член 63 од Законот за управување со отпадот[11] што има влијание на заштита на животната средина.
- ЈКП не врши мерење на изнесениот отпад и нема воспоставено евиденција согласно член 39 од Законот за управување со отпад и Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад.
- Согласно член 25 од Одлуката за комунален ред ЈКП „Комуналец“ Свети Николе на подрачјето на Општина Свети Николе врши одведување и прочистување на отпадните води. За вршење на оваа дејност ЈКП нема водно право (дозвола) за испуштање на води за системите со кои располага, што не е во согласност со одредбите на член 28 од Законот за води.

Не организираното собирање и транспортирање на отпадот во одредени населени места и не воспоставениот систем на селектирање на создадениот отпад влијае врз загадувањето на животната средина и претставува ризик по здравјето на луѓето, а не поседувањето на соодветни дозволи ја доведува во прашање способноста и одговорноста на ЈКП како давател на услуги во вршење на неговата дејност.

Препорака

Надлежните органи на раководење и управување да преземат активности за:

- интензивирање на соработката со градоначалникот на Општина Свети Николе за создавање на услови за селектирање на отпадот;

[9] бр. 0701-1095 од 21.12.2012 година

[10] „Службен весник на РМ“ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10,140/10, 51/11, 6/12, 123/12,147/13, 163/13, 27/14, 51/15, 146/15, 156/15,192/15, 39/16, 63/16 и 31/20

[11] Службен весник на РСМ, бр. 216 од 17.9.2021 година

- мерење и континуирано водење на дневна евиденција за постапување со отпадот, транспорт на отпадот согласно законот и подзаконските акти и
- поднесување барање до органот на државната управа надлежен за работите од областите за вршење на дејностите за кои нема дозвола.

4.2.7. Депонирањето на отпад се врши на градска депонија за цврст комунален отпад која се наоѓа во „Лубичин  Дол„ (Мавровица) КП 4876/1 во КО с.Немањици со Површина од 63000 $м^2$. Моменталната исполнетост на Депонијата е V= 65000 $м^3$, Vmax = 180.000 $м^3$. Моменталната исполнетост на депонијата е 35% - 40%.
ЈКП во годишната програма за работа има планирано активности за депонијата и тоа:

- редовно оградување на депонијата покрај пристапниот пат до платото на депонијата;
- санација на пристапниот пат до платоата на депонијата со тампонирање во должина од 1480м. И ширина 3,5 м;
- изградба на стражарска куќичка и
- поставување на рампа за влез на депонијата и огласна табла.

Извршивме увид на депонијата и констатиравме дека планираните активности согласно годишната програма не се реализирани. Исто така при теренски увид на депонијата воочивме активен пожар што има лошо влијание на животната средина и здравјето на луѓето што не е во согласност со член 70 од Законот за управување со отпад.
Согласно член 4 алинеја 5 од Одлуката на Владата на Република Северна Македонија[12] за начинот на работа и постапување со постојните локации за отстранување на отпад и определување на временските локации за отстранување на отпад до периодот на изградба на регионалната депонија за Источниот и Североисточниот регион, се предвидува постојна локација за отстранување на отпад-депонија и се предвидува изградба на регионална депонија во Општина Свети Николе на локација „Мечкуевци - Арбашанци".

Препорака
Одговорното лице и надлежните органи на раководење и управување да преземат активности за:

– реализација на планираните активности согласно годишната програма и
– да се интензивираат активностите околу воспоставување на интегриран систем за управување со отпадот во Источниот и Североисточниот регион, што вклучува изградба на централни и локални капацитети за управување со отпадот, како и регионална депонија, а во насока на подобрување на

[12] бр. 40-7770/1 од 19.07.2021 година

состојбите во животната средина и организирано управување со отпадот согласно националните и ЕУ стандарди.



Депонија „Мавровица"

4.2.8. Во текот на 2021 година врз основа на склучени договори на дело исплатени се средства во вкупен износ од 3.907 илјади денари за 42 лица (бројот на ангажирани лица во текот на годината по месеци е различен) при што надоместокот за работниот ангажман е различен. Предмет на договорите на дело е извршување на градежни и општи работи. Договорите се склучуваат за различен период (месечни и едно годишни договори). Во ЈКП за договорите на дело за извршената работа не се изготвуваат извештаи за нивното работење и не се води евиденција за присуство на работа на лицата ангажирани со договори на дело. Оваа состојба не е во согласност со член 619 од Закон за облигациони односи во кој е предвидено дека може да се ангажира лице по договор на дело само за вршење на определена работа еднократно, член 22 од Закон за работни односи каде е пропишан начинот на обезбедување на потребата од работници и член 8 од Законот за трансформација во редовен работен однос со кој се уредува бројот на лицата кои можат да бидат

ангажирани по договор за дело. Утврдените состојби, укажуваат на нетранспарентност и субјективно постапување при вработување, во изборот на лица и нивна повластена положба во постапката за нивното ангажирање.

Препорака
Одговорното лице на ЈКП да преземе мерки и активности со кои ќе се обезбеди ангажманот на лицата по договор на дело да биде согласно законски пропишаната рамка.

4.2.9. ЈКП „Комуналец" Свети Николе со Општина Свети Николе има склучено договор за набавка и местење на бекатон плочки на јавни површини на територијата на Општина Свети Николе[13]. Вкупната вредност на договорот изнесува 2.000 илјади денари со ДДВ. Од причина што ЈКП не располага со ресурси за реализација на активностите предвидени со договорот, за реализација на истиот ЈКП има спроведено постапка за јавна набавка и има склучено договор[14] со друг економски оператор на износ од 2.569 илјади денари, што придонело до зголемени трошоци. Со увид во документацијата утврдивме дека ЈКП е регистрирано во Централниот регистар за изведување на градежни активности, но нема лиценца за изведувач. Склучувањето на договор помеѓу општината и ЈКП за изведување на активности за кои ЈКП нема лиценца за изведувач, не е во согласност со член 25 од Законот за градење, што има за ефект непочитување на одредбите од наведениот закон.

Препорака
Основачот и надлежните органи на раководење и управување на ЈКП да не склучуваат договори за извршување на работи за кои немаат лиценца и капацитети за реализирање на истите.

4.2.10. За извршување на своите надлежности ЈКП „Комуналец" Свети Николе располага со неколку товарни возила чија намена е собирање и транспортирање на отпад.
Со извршениот увид во документацијата ревизијата утврди дека две товарни возила и трактор со намена за собирање на отпад во 2021 година немаат важечка сообраќајна дозвола[15], а последната регистрација на возилата е 2019/2020 година. Возилата иако не се регистрирани, се користени во текот на 2021 година и за истите се евидентирани трошоци за гориво во износ од 514 илјади денари и за поправки во

[13] 0307-129 од 18.03.2021 година
[14] 0507-294/7 од 11.08.2021 година
[15] „Сообраќајна дозвола" е јавна исправа што ја издава надлежен орган, со која се докажува правото на означување на одредено возило со регистарски таблици, сопственоста на возилото, техничките карактеристики на возилото, потврда за техничката исправност на возилото заради безбедност во сообраќајот, како и периодот на важност на сообраќајната дозвола

износ од 322 илјади денари.
Исто така ЈКП располага со возило за собирање и транспортирање на отпад набавено со постапка за јавна набавка на половно возило[16], кое е ставено во употреба, но за кое ЈКП нема обезбедено сообраќајната дозвола од претходниот сопственик на возилото, со цел за докажување на сопственоста на возилото и обезбедување на регистарски таблици. Од страна на ЈКП преземени се активности, но до денот на ревизијата сообраќајната дозвола не е доставена.
Наведената состојба не е во согласност со член 344 од Закон за безбедност на сообраќајот и патиштата со кој е предвидено дека од сообраќај се исклучуваат возилата кои не се регистрирани, за кои не е продолжен рокот на важноста на сообраќајната дозвола, за кои е утврдена техничка неисправност или кои немаат пропишани регистарски таблици. Користењето на товарни возила кои не се регистрирани и се без важечка сообраќајна дозвола, за кои не е потврдено дека може да бидат вклучени во сообраќајот, влијае на безбедноста на сообраќајот и патиштата.
Во периодот на вршење на ревизијата едно од возилата е регистрирано.

Препорака
Одговорното лице да преземе мерки за регистрација на сите возила кои се користат во јавен сообраќај и поведување на постапка пред надлежен суд за обезбедување на сообраќајна дозвола од економскиот оператор, кој не ја доставил со склучувањето на договорот.

4.2.11. ЈКП „Комуналец" Свети Николе во 2021 година има остварено приходи по основ на префактурирање на електрична енергија, врз основ на излезни фактури за викенд куќи кои немаат пристап до електрична мрежа и правни лица сопственици на деловен простор во Градскиот пазар кои останале со нерегулиран статус во однос на снабдувањето со електричната енергија по продажбата на деловниот простор од страна на Општина Свети Николе. Снабдувањето со електрична енергија за овие корисници се врши од броилата на ЈКП, а вработено лице во ЈКП врши проверка на состојбата за потрошената електрична енергија и води месечна евиденција на потрошената електрична енергија. Ревизијата констатираше дека ЈКП не располага со лиценца за вршење на енергетска дејност за снабдување со електрична енергија, ниту лиценца за дистрибуција на електрична енергија и е приклучен на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција. Наведената состојба не е во согласност со член 4 од Статутот на ЈКП каде е дефинирано кои дејности ги врши претпријатието, меѓу кои не е давањето на услуга за користење на електрична енергија што има за ефект незаконско работење и може да влијае на точноста и транспарентноста на остварувањето на приходите.

[16] Договор бр.0507-161/7 од 05.05.2021 година

Препорака
Надлежните органи на раководење и управување во ЈКП „Комуналец” Свети Николе да вршат услуги согласно дејноста за која се регистрирани.

4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1. Во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија, не е извршен упис на основната главнина на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе, што не е во согласност со членот 298 од Законот за трговски друштва каде што е регулирано кои податоци се запишуваат во регистарот. Согласно трговските книги и Билансот на состојба, на 31.12.2021 година е евидентиран капитал во износ од 32.544 илјади денари, од кои 20.756 илјади денари се евидентирани со основањето на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе[17] во 2006 година, за кои ЈКП не располага со уредни и веродостојни документи, а остатокот е евидентиран капитал до 2019 година, врз основа на Одлуки на Советот на општината за зголемување на основната главнина.
Со извршениот увид утврдивме дека од страна на ЈКП не се преземени мерки за утврдување на пазарната вредност на имотот, така што, основната главнина е сметководствено утврдена, а не е извршена проценка на капиталот кое има влијание на реалното и објективно прикажување на капиталот. Согласно Законот за процена, процена на пазарната вредност на јавни претпријатија врши овластен проценувач, на начин пропишан со Методологија, правила и стандарди за процена кои ги вклучуваат признатите меѓународни стандарди за процена на вредноста, како и други закони со кои се регулира проценувањето на вредноста на различни форми на сопственост.

Препорака
Органите на раководење и управување на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе да преземат активности:
- да се направи проценка на средствата со кои располага ЈКП од овластени проценители за да се утврди објективната вредност на капиталот со сегашна состојба и
- евидентирање на основачкиот влог/капиталот во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

4.3.2. На позицијата Материјални средства во Билансот за состојба на ден 31.12.2021 година, искажана е сегашна вредност во износ од 26.907 илјади денари. Со извршениот увид во материјалната, сметководствената евиденција и прилог

[17] Одлука за усвојување на делбен биланс бр.0701-654/2 од 14.06.2006 година со која ЈКП Комуналец се издвојува од ЈКП Единство

документацијата, ги констатиравме следниве недоследности:

- Евидентирано е земјиште со вредност од 107 илјади денари, врз основ на Одлука[18] за усвојување на делбен биланс од 2006 година, за кое ЈКП нема документација за сопственоста, видот, типот и површината на земјиштето.
- Градежните објекти се проценети во износ од 15.040 илјади денари, без документација за докажување на сопственичкиот статус (имотен лист) и правото на управување со недвижностите. Не се поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти кои ги користи ЈКП за вршење на својата дејност. Со таквото постапување ЈКП не ја искористило можноста согласно закон да изврши легализација на бесправно изградените објекти и да го регулира правото на сопственост.
- Ставките на недвижности, постројки и опрема се евидентирани по нивната историска набавна вредност, намалена за акумулирана амортизација. Според прифатената сметководствена политика за проверка на нефинансиските средства од потенцијално оштетување се бара претпријатието на крајот на секој пресметковен период да прави проценка на можното оштетување на своите материјални средства и доколку се идентификувани такви случаи да ја утврди и да ја евидентира веднаш како оштетување разликата помеѓу евидентираната и употребната или нето продажната вредност. Ваква проценка не е извршена на датумот на билансирање.
- Во сметководствената евиденција не е извршено евидентирање на материјални средства (изградба и реконструкција на водоводна мрежа и фекална канализација) во износ од 8.764 илјади денари, по допис[19] на градоначалникот на Општина Свети Николе за достава на градежни ситуации за внес во основни средства.

Ваквиот начин на водење на материјалните средства, не е во согласност со МСС 16 точка 7, 31, 32 и 33, МСС 36 точка 8 и 9 и член 472 од Законот за трговски друштва и влијае на реалноста и објективноста на искажаната вредност на имотот, квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите а претставуваат основа за донесување на одлуки.

Препорака

Одговорните лица на ЈКП „Комуналец" Свети Николе да преземат конкретни мерки за:

- утврдување на правниот статус на земјиштето и градежните објекти и нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности, а во соработка со основачот Општина Свети Николе;
- проценка на можното оштетување на материјалните средства на крајот на

[18] бр.0701-654/2 од 14.06.2006 година со која ЈКП Комуналец се издвојува од ЈКП Единство
[19] бр.0306-51/2 од 10.02.2022 година

секој пресметковен период и евидентирање како оштетување на разликата помеѓу евидентираната и употребната или нето продажната вредност и
- целосно евидентирање во сметководствената евиденција на материјалните средства добиени од општината.

4.3.3.Побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2021 година се искажани во износ од 94.502 илјади денари и ги вклучуваат побарувањата од правни и физички лица. Во 2021 година ЈКП има покренато тужбени постапки кон правни и физички лица во износ од 2.218 илјади денари за кои не е спроведена исправка на вредност поради застареност. Освен тоа, во рамките на вкупните побарувања се евидентирани побарувања постари од три години за кои ЈКП нема извршено исправка на вредноста, но за кои постои голема неизвесност дека ќе бидат наплатени, иако дел од нив се претходно утужени.

Поради не преземените мерки за наплата на побарувањата во минатите години имајќи го предвид општиот рок за застареност, постои голема неизвесност за нивна наплата, истите не се евидентирани на сметката спорни и сомнителни побарувања, ниту е извршена проценка на степенот на наплатливост заради понатамошно испитување.
Ваквиот начин на постапување не е во согласност со МСС- 39 точка 58 и 59 и член 469 и 472 од Законот за трговски друштва и влијае на реалноста и објективноста на позициите во финансиските извештаи за 2021 година.

## Препорака

Одговорните лица да преземат активности за:
- навремена наплата на побарувањата, следење на старосната структура и редовно утужување на побарувањата кои не се платени во предвидениот рок и
- целосна и правилна евиденција на застарените/тужените побарувања, оценка на наплатливост на побарувањата на крајот на секој период на известување и врз основа на веродостојни докази да предложат соодветен акт за постапување.

4.3.4. Управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Свети Николе има донесено Одлука за вршење на попис на средствата и изворите на средства[20] со која се формираат пописни комисии, по што е спроведен попис на средствата и обврските, изготвен е Извештај од извршен попис за 2021 година[21] и со Одлука е усвоен од страна на Управниот одбор[22].
Со извршениот увид во целокупниот пописен материјал, ревизијата констатира

[20] бр.0202-544/2 од 25.12.2021 година
[21] бр.0202-71/2 од 25.02.2022 година
[22] бр.0202-71 од 25.02.2022 година

непочитување на одредбите од Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и ги утврди следниве состојби:

- пописните листи од извршениот физички попис на материјалните средства содржат податоци само за видот и количината на средствата, а не содржат инвентарен број на средството и вредност како би можело да се изврши вредносно усогласување помеѓу сметководствената и фактичката состојба и да се утврдат евентуални разлики (кусок/вишок) меѓу сметководствената и фактичката состојба на попишаните средства, предвидено со член 11 од Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.
- не е извршен попис на земјиштето и материјалните средства во подготовка, а во пописните листи за градежните објекти не се внесени податоци со кои целосно ќе се утврди нивната фактичка состојба (вредност, квадратура, и др);
- не е извршен попис на побарувањата и обврските, односно пописната комисија не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата врз основа на екстерна или интерна документација, не се утврдени причините за ненавремена наплата на истите, не е утврдена старосната структура и преземените активности за нивна наплата.

Утврдените состојби не се во согласност со член 473 став 1 од Законот за трговските друштва и членовите 7, 10 и 11 од Правилникот за начин на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, што има влијание врз реалноста и објективноста на искажаните состојби во трговските книги и финансиските извештаи за 2021 година и квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

Препорака

Надлежните органи на управување и раководење да ги задолжат пописните комисии да направат целосен попис на средствата и обврските и да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба на начин пропишан со Правилникот за начин на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

4.3.5. Со извршениот увид во состојбата на обврските по основ на надоместоци спрема Буџетот на Општина Свети Николе за одржување на јавна чистота и управување со отпад со состојба на 31.12.2021 година, ревизијата констатира дека:

- Во сметководствената евиденција на ЈКП „Комуналец" Свети Николе искажани се обврски за надоместок за одржување на јавна чистота во износ од 24.834 илјади денари. Овие средства се наплаќаат од субјектите правни и физички лица корисници на услугите на ЈКП, кое е должно да ги наплати и

уплати на соодветна трезорска сметка на Буџетот на Општина Свети Николе. За периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година ЈКП има фактурирано износ од 3.759 илјади денари, а наплатениот износ изнесува 3.135 илјади денари. Неплаќањето на обврските кон општината по претходно наведениот основ не е во согласност со одредбите кои го регулираат утврдувањето и роковите за плаќање на оваа обврска од членот 25 од Законот за јавна чистота, според кој обврските се плаќаат месечно, во тековниот за претходниот месец.

- Надоместокот за управување со отпад јавното претпријатие го искажува во сметките/фактурите за комунални услуги, при што наместо да евидентира обврска спрема Општина Свети Николе врши приходување на целиот износ и за 2021 година по тој основ евидентиран е приход во износ од 20.828 илјади денари. Со член 123 од Законот за управување со отпадот кој е во сила во периодот до 17.09.2021 година регулирано е дека Советот на општините и Советот на градот Скопје можат да определат надоместок за управување со отпадот во висина од 1% до 2 % од цената за извршена услуга за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад, но од страна на Општината не е донесен акт за определување на висината на надоместокот, поради што обврската не се евидентира и плаќа.

  Со член 113 од Законот за управување со отпадот[23] донесен во месец септември 2021 година е регулирано дека давателите на услугите плаќаат надоместок за управување со комуналниот отпад во висина од 2% од цената која ја наплаќаат за извршената услуга на општината или градот Скопје и се приход на буџетот на општините и градот Скопје, а се користат за финансирање на реализирање на целите за управување со отпад утврдени во регионалните планови за управување со отпад, како и заради финансирање на организационите единици за регионално управување со отпад. По овој основ од страна на ЈКП за период октомври-декември 2021 година се евидентирани приходи во износ од 5.189 илјади денари, а не се искажани и платени обврски во износ од 104 илјади денари.

Ефект од ваквото постапување е несоодветно искажување на приходите, обврските, побарувањата и помалку платени средства во Буџетот на Општина Свети Николе и неможност од реализирање на програмата за управување со отпад утврдени во регионалните планови за управување со отпад.

### Препорака

Органите на раководење и управување на ЈКП „Комуналец" Свети Николе да преземат мерки и активности за искажување и регулирање на искажаните обврски по претходно наведените основи спрема Буџетот на Општина Свети Николе.

[23] Службен весник на РСМ, бр. 216 од 17.9.2021 година

4.3.6. Во сметководствената евиденција на ЈКП „Комуналец" Свети Николе со состојба на 31.12.2021 година, искажани се обврски за надомест за користење на води во износ од 5.545 илјади денари, надомест за испуштање во води во износ од 640 илјади денари или вкупно надоместоци за води во износ од 6.185 илјади денари. Наведениот износ потекнува од пресметана, а неплатена обврска во Буџетот на Република Северна Македонија, акумулирана за повеќе години наназад.

Обврската е утврдена согласно одредбите на член 213 и 214 од Законот за водите, каде е утврдено дека надоместокот за користење на вода наменета за консумирање од страна на луѓето изнесува 2% од утврдената цена на метар кубен вода, а за испуштање на отпадни води изнесува 1% од утврдената цена на давателот на услугата.

Обврзник за плаќање е секое правно и физичко лице кое користи вода или испушта непречистени отпадни води, а надоместоците ги пресметува правното лице кое управува со водоснабдителниот систем и системот за одведување на отпадни води и се прикажуваат посебно на сметката за извршена услуга.

Овие средства се наплаќаат од субјектите правни и физички лица корисници на услугите на јавното претпријатие, кое е должно да ги наплати и уплати во Буџетот на Република Северна Македонија.

За исплата на искажаните обврски Склучена Спогодба за условно плаќање на глоба[24] помеѓу ЈКП и Државен инспекторат за животна средина со која се задолжува ЈКП долгот по надоместок за користење на води во износ од 3.759 илјади денари и надоместок за испуштање на води во износ од 360 илјади денари да го исплати на 60 месечни рати сметано од октомври 2021 година. Не е утврдено на кој начин ќе се надомести разликата која произлегува од сметководствената евидентираната обврска и обврската утврдена со Спогодбата.

Нецелосно преземање мерки за плаќање на обврските не е во согласност со одредбите на членовите 213 и 214 од Законот за водите и има за последица помалку наплатени приходи во Буџетот на Република Северна Македонија по основ на надоместок за користење на вода и за испуштање на води.

### Препорака

Органите на управување и раководење во ЈКП „Комуналец" Свети Николе да преземат мерки за плаќање на заостанатиот долг кон Буџетот на Република Северна Македонија како и редовна месечна уплата на средствата по основ на надоместок за користење води и за испуштање во води.

4.3.7. При увид на состојбите на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од снабдување и испорака на вода, утврдивме дека приходите по овој основ се нецелосни, бидејќи количината на испорачаната вода во

[24] Спогодба бр. 20-3382 од 20.09.2021

водоснабдителниот систем значително отстапува од количината на вода која е фактурирана на корисниците на истата. Во водоснабдителниот систем во 2021 година испорачани се 973 илјади м$^3$ сирова вода за пиење, а фактурирани се 607 илјади м$^3$ вода за пиење, што претставува 62% фактурирана количина во однос на испорачаната, односно регистрирана е загуба на вода од 38%.

Загубата се должи на дефекти на водоводна мрежа каде се испуштат големи количини на вода од системот, перење на филтрите и таложниците на филтерната станица, полевањето на јавните зелени површини, испуштање на вода на градските фонтани за чистење и нивно повторно полнење, градски чешми, диви и нелегални приклучоци, кражба на вода и слично.

Иако ЈКП води проактивна политика за откривање на физичка загуба на вода во делот на кражбата на вода, преку формирана комисија за откривање на диви приклучоци и кражба на вода, во делот на користење на вода за фонтани и стадиони, се уште нема преземено конкретни мерки и поставување на мерни инструменти за регулирање на потрошокот на вода и фактурирање на потрошената вода на општината.

Недоволно преземените мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода преку активности за реална и објективна потрошувачка на вода за пиење, предизвикува нереална и необјективна состојба во процесот на фактурирање на испорачаната количина на вода за пиење и има за ефект помалку остварени приходи, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за вода кои претставуваат приходи на Буџетот на државата.

Во врска со констатираните загуби на вода во системот за водоснабдување во продолжение следи преглед со графички приказ преку кој може да се согледа загубата на вода по месеци за 2021 година и преглед за процент на загуба на вода на годишно ниво за период од 2018 до 2021 година.

Преглед на испорачана вода и приходувана вода во м$^3$ од филтерна станица за 2021 година по месеци




Преглед за процент на загуба на вода на годишно ниво за период од 2018 до 2021 година.




**Препорака:**
Надлежните на ЈКП „Комуналец" Свети Николе да преземат мерки и активности за минимизирање/отстранување на факторите кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем и поставување на мерни инструменти за регулирање на потрошокот на вода.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

**Јавни набавки**
Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ЈКП „Комуналец" Свети Николе за 2021 година со одредбите на Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки од аспект на

законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 25 постапки за јавни набавки, од кои 12 постапки за јавни набавки на стоки и услуги спроведени во 2021 година и 13 постапки за јавни набавки за стоки и услуги спроведени во 2020 година, а имаат реализација во годината предмет на ревизија. Вкупната вредност на ревидираните договори е во износ од 48.369 илјади денари, од кои 17.189 илјади денари од 2021 година и 31.180 илјади денари од 2020 година.

Годишниот план за јавни набавки за 2021 година заедно со донесените 4 (четири) Одлуки за изменување и дополнување на истиот содржи вкупно 91 постапка за јавни набавки на стоки, услуги и работи. Од вкупно 91 постапка спроведени се само 26 постапки, што претставува 28,57% реализација од постапките предвидени со ГПЈН.

4.4.1. Од увидот и анализата на приложената документација за планирањето, спроведувањето на постапките за јавни набавки и нивната реализација го утврдивме следново:

– Во текот на 2021 година без спроведени постапки за јавна набавка извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 689 илјади денари, за набавка на плин за возила (ТНГ), изработка на држачи за улично осветлување, поправка на возила, материјали за одржување на канализациона мрежа и одржување на парк, што укажува на несоодветна проценка на годишните потреби од таков вид на набавки во тековната година, како и непочитување на начелата на кои се темели Законот за јавните набавки (одредби од членовите 3, 4, 5, 6 и 7 од Законот за јавните набавки).
- во Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на ЈКП „Комуналец" Свети Николе нема предвидено организациски облик или работно место/вработено лице кое ќе ги врши работите од областа на јавните набавки, што не е во согласност со одредбите од член 80 став 1 од Законот за јавните набавки. Исто така, вработениот кој ги извршува работите поврзани со јавните набавки е распореден на работно место[25] кое во описот на работното место нема работни задачи поврзани со процесот на јавните набавки.

  Во текот на ревизијата, од страна на УО на ЈКП донесена е Одлука[26] за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места со која се дополнува систематизацијата со ново работно место Соработник за јавни набавки-1 (еден) извршител, која Одлука е усвоена од страна на Управниот одбор.

[25] Решение за распоредување на јавен службеник број 0402-511/1 од 10.12.2018 година, Раководител на Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси

[26] 0202-497-10/2 од 15.12.2022 година

- во ЈКП нема вработено лице со соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки, што не е во согласност со одредбите од член 80 став 2 од Законот за јавните набавки.
- Одлуките за потреба од јавна набавка од страна на одговорното лице на ЈКП не содржат образложение, што не е во согласност со одредбите од член 77 став 3 од Законот за јавните набавки.

  Во текот на ревизијата преземени се активности во насока на донесување на Одлуки за јавна набавка[27] од страна на одговорното лице кои содржат образложение за потребата од јавна набавка.

Препорака

Одговорното лица на ЈКП да преземе активности:

- При изработката/донесувањето на Годишниот план за јавни набавки истиот да се изработи согласно вкупните потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи, со кој ќе го определи предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка и
- Работите од обласата на јавните набавки да ги извршува лице со потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

4.4.2. За набавка и монтажа на паркинг менаџмент систем за отворени и затворени паркинзи ЈКП има спроведено постапка за јавна набавка и склучено договор[28] во износ од 6.700 илјади денари без ДДВ. Врз основ на договорот доверителот има извршени и потпишани работи од надзор во вкупен износ од 5.837 илјади денари[29], од кои во сметководствената евиденција за 2021 година е евидентиран износ од 599 илјади денари а остатокот од обврската е евидентирана во 2022 година. Изградбата на отворени и затворени паркинзи е изведена согласно техничката спецификација која е составен дел на договорот помеѓу инвеститорот и изведувачот. За извршената работа изготвен е Извештај[30] за технички преглед од надзорен инженер за градби од втора категорија, со кој е констатирано дека градбата може да се стави во употреба.

Со извршениот увид во документацијата ревизијата утврди дека:

- Изградбата на отворени и затворени паркинзи не е предвидена со Програмата за работа на ЈКП „Комуналец" Свети Николе за 2020 и 2021 година и истата е извршена без претходно изработена физибилити сообраќајна

[27] број 0507-468/1 од 16.11.2022 година за набавка на водоводни цевки, црева и сродни предмети (по втор пат) и број 0507-467/1 од 16.11.2022 година за набавка на материјали за тековно одржување на улично осветлување во Општина Свети Николе и светлечки тела

[28] бр.0507-480/7 од 08.01.2021 година

[29] Вкупно за 2020 и 2021 година

[30] бр.01-60/2 од 06.08.2021 година

студија за утврдување на потребата од паркинг на подрачјето на општината. Не е обезбедено одобрение за градба од општината, што не е во согласност со член 56 од Законот за градење, а техничката спецификација е изготвена без изработен проект, што не е во согласност со член 29 од истиот закон. Исто така пред отпочнување со изградбата од страна на ЈКП не е обезбедено решение за режим на сообраќај за паркирање на постојните паркинзи, што не е во согласност со член 348 од Законот за безбедност во сообраќајот, каде е предвидено дека Режимот на сообраќај за локални патишта и улици врз основа на сообраќаен проект, со решение го утврдува општината, по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

- Паркингот по завршувањето на активностите за изградба во 2021 година не е ставен во употреба, а во 2022 година инвеститорот и изведувачот стапиле во меѓусебни преговори за решавање на одредени несогласувања околу начинот на изведените работи, при што било оценето дека дел од опремата на начин и во обем поставена на локациите нема да ги даде очекуваните ефекти и дека со тоа се отежнува ефикасното функционирање на паркинзите, поради што не се постигнати целите за кои е склучен договорот.

  Со цел спогодбено решавање на настанатите проблеми и несогласувања, договорните страни се согласиле вкупниот долг да се намали за износ од 2.508 илјади денари со ДДВ, за што доверителот му доставил на ЈКП книжно одобрение, со што вкупниот долг е утврден на 2.975 илјади денари со ДДВ, кои ќе се исплаќаат на седум месечни рати[31]. Договорните страни се согласиле за износот за кој се намалува главниот долг да се повлече дел од опремата по цени и спецификација дадени во конечната понуда од јавното наддавање, а останатата опрема да остане во сопственост на ЈКП и да се користи како видео надзор, поставена на места на кои во понатамошниот период ќе се врши паркинг услуга по пат на СМС паркирање и на други локации определени од страна на ЈКП.
- Од страна на ЈКП „Комуналец" Свети Николе не е извршен попис на опремата која е евидентирана во сметководствената евиденција со состојба 31.12.2021 година во износ од 599 илјади денари, што не е во согласност со член 2 од Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

Изградбата на отворени и затворени паркинзи без претходна анализа на потребата, без одобрение за градење, без проектно решение и без Решение за режим на сообраќај за паркирање, има за ефект незаконски и нерационално потрошени средства од страна на ЈКП.

[31] Договор за плаќање на заостанат долг на рати Бр.0307-85 од 03.03.2022 година

Препорака

Органите на управување и раководење во ЈКП „Комуналец" Свети Николе да преземат мерки активностите да се вршат врз основ на претходна процена на потребата и обезбедена документација согласно законите што ја регулираат обласга.

4.4.3. За поправка на моторни возила и одржување во 2021 година евидентирани се расходи во износ од 2.653 илјади денари. Со увид во документацијата ревизијата ги констатира следните состојби:

- Од страна на ЈКП за поправки и одржување на возила се изготвува документ образец - пријава за контрола, извештај за извршена дијагностика со предлог пресметка и согласност, но истите не се прилог на фактурите и не содржат податоци за која фактура се однесуваат. Со тоа не ревизијата не беше во можност да ги поврзе фактурите со налогот/документот и да ја утврди точноста и веродостојноста на овие трошоци за износ од 1.178 илјада денари.
- Во 2021 година спроведена е постапка за набавка на услуги за одржување и поправка на моторни возила и сродна опрема и склучен е Договор[32] во вкупен износ од 1.500 илјади денари. Со тендерската документација точка 1.5 е предвидена одредба дека за вградените резервни делови Носителот на набавката ќе фактурира со не повеќе од 5% маржа од набавната цена на делот, а со прилог пресметката Носителот на набавката е должен да достави про-фактура или Изјава за делот кој треба да се набави. Оваа одредба не е предвидена во Договорот за јавна набавка. Ревизијата утврди дека набавени се резервни делови во вкупен износ од 144 илјада денари и со фактурите не е доставено про-фактура за набавката на делот или изјава за делот кој треба да се набави со што не може да се потврди цената од договорот, што не е во согласност со одредбите од членовите 3 и 81 од Законот за јавните набавки.
- Корисниците на службените возила не пополнуваат налог за користење на службено возило, кој треба да содржи податоци за намената на користење, службеното дејство што е извршено, местото и времето на поаѓање и враќање, број на поминати километри, како и авторизација од овластеното лице кое го одобрило користењето на возилото.

Препорака

Одговорните лица ЈКП Комуналец да преземат мерки и активности во насока на:

- обезбедување на комплетна и веродостојна документација;
- одредбите од договорите за јавни набавки да бидат согласно предвидените услови во тендерската документација и

[32] Договор бр. 0507-204/7 од 07.06.2021

- пополнување на налог за користење на службено возило.

4.4.4. Во трговските книги и финансиски извештаи на ЈКП, позицијата материјални средства во подготовка на ден 31.12.2021 година е проценета во износ од 1.079 илјади денари, состојба која потекнува од минати години, а се однесува на трошоци за возило за собирање на смет добиено како донација од правен субјект од странство. За реализирање на донацијата склучен е договор[33] за донација помеѓу ЈКП и давателот на донацијата, со кој донаторот на примачот му доставува возило без финансиски надомест. За реализирање на донацијата обезбедено е Решение[34] од Министерството за правда со кое донацијата се потврдува како донација од јавен интерес. Во врска со споменатата донација Општина Свети Николе има донесено Одлука[35] за учество во донација со цел да се обезбеди поддршка на дејностите од јавен интерес за решавање на одредени состојби и проблеми, при што се обврзува да учествува во донацијата со финансиски средства во износ од 1.000 илјади денари.
Со извршениот увид во документацијата утврдивме дека за потребите за оспособување на возилото и негово пренесување до Свети Николе, од страна на вработени во ЈКП три пати е извршен увид на состојбата на возилото, при што направени се трошоци во странство кои се однесуваат на патарини, гориво, акумулатори, хотел, царина и друго во износ од 566 илјади денари, а заради утврдена потреба од поправка на возилото извршен е и сервис на возилото за што е добиена фактура на износ од 8.300 евра која преку овластена деловна банка е платена. Кон фактурата нема прилог работен налог со опис на видот на поправката и сменетите делови на возилото, што не е во согласност со член 472 став 4 од Законот за трговските друштва.
Возилото од неговото пристигнување во Република Северна Македонија во 2016 година до денот на ревизијата сеуште не е ставено во употреба поради потреба од дополнителни поправки, при што на ревизијата не и е доставен документ со кој се констатира во каква состојба е донесено возилото. Ревизијата не беше во можност да потврди основаноста на дополнителни трошоци за ставање на употреба на возилото.

Препорака

Одговорните лица во ЈКП „Комуналец" Свети Николе да преземат активности за утврдување на состојбата во која се наоѓа возилото, заради носење на понатамошни одлуки во врска со истото.

4.4.5.Со извршениот увид во начинот на прием и издавање на залихите на материјали и резервни делови од магацин, со ревизијата го утврдивме дека

[33] Бр.0307-401 од 21.11.2016 година
[34] Бр.0306-461 од 30.12.2016 година
[35] Бр.0201-140 од 19.04.2016 година

издавањето на материјали од магацин не е секогаш поткрепено со работен налог кој треба да претставува основ за признавање на направениот трошок, а изготвените работни налози не се секогаш целосно пополнети со број на налог, датум на извршување на работата, вид на извршена работа, потпис од изведувачот на работите и одговорно лице. Во текот на 2021 година издадени се материјали од магацин во износ од 874 илјади денари без работни налози кои се однесуваат за одржување на депонијата, за одржување на хоризонтална сигнализација, одржување на парк и канализациона мрежа.

Признавањето и евидентирањето на трошоци без целосна и веродостојна документација не е во согласност со член 469 и 472 од Законот за трговските друштва каде е пропишано дека внесувањето на податоците во трговските книги се заснова врз веродостојни сметководствени документи, како доказ за настанатата финансиска промена, односно трансакција и не дава уверување за соодветно користење на средствата.

Препорака

Одговорните лица во ЈКП „Комуналец" Свети Николе, евидентирањето на трансакциите во трговските книги да го вршат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

## Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2, 4.3. и 4.4, а се однесуваат на:

- нерегулирани меѓусебни права и обврски со корисниците и давателите на услуги,
- не запишана основна главнина во ЦР на Република Северна Македонија, евидентирани објекти и земјиште за кои не се обезбедени документи за сопственост, нецелосно и неправилно спроведен попис, несоодветно постапување со сомнителните и спорните побарувања,
- не платени обврски во износ од 24.834 илјади денари по основ на надоместоци за јавна чистота и неевидентирани и неплатени обврски по основ на надоместокот за управување со отпад во износ од 104 илјади денари,
- висок процент на загуба на вода и помалку остварени приходи,
- признавање на дел од трошоците без соодветна поткрепувачка документација.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈКП „Комуналец" Свети Николе на ден 31 декември 2021 година како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2 и 4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈКП „Комуналец" Свети Николе, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1 Врз основа на донесена Одлука од 28.10.2005 година од страна на Советот на Општина Свети Николе со издвојување на посебните делови од ЈКП Единство Свети Николе, односно РЕ „Водовод и канализација" и РЕ „Пазари на големо и мало", основано е Јавното комунално претпријатие „Комуналец" Свети Николе.
Во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор од извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно комунално претпријатие "Комуналец" – П.О. Свети Николе за 2008 година била констатирана состојба дека при извршеното издвојување на деловите од постојното јавно претпријатие ЈКП „Единство" Свети Николе (РЕ „Водовод и канализација" и РЕ „Пазари на големо и мало") и формирањето на новото јавно претпријатие, не било обезбедено доследно почитување на одредбите на Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва, бидејќи не била предвидена соодветна форма на организирање на новото јавно претпријатие, односно или да биде формирано како друштво со ограничена одговорност или пак како акционерско друштво во сопственост на општината.
Ревизијата сака да укаже дека оваа состојба до денот на ревизијата е непроменета, односно не е постапено по дадената препорака, бидејќи ова претпријатие до денот на ревизијата работи како јавно претпријатие, како и тоа дека и претходното јавно претпријатие ЈКП „Единство" Свети Николе, од каде што е произлезено сегашното претпријатие, предмет на ревизија, се уште постои, односно Советот на Општина

Свети Николе нема донесено акт за начинот на згаснување на ЈКП „Единство" Свети Николе.
Имено, во Тековната состојба на овој субјект, што за потребите на ревизијата беше обезбедена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, наведено е дека според деловниот статус претпријатието е активно, иако не врши дејност. Како основач се јавува Советот на Општина Свети Николе, иако во делот вид на одговорност е наведено дека не одговара. Исто така, во јавното претпријатие освен вршител на должност директор, кој согласно Решение донесено од Градоначалникот на Општина Свети Николе е именуван од 01.03.2018 година и кое решение е сеуште во важност, нема други вработени.
За ЈКП „Единство" Свети Николе секоја година се изготвува завршна сметка. Согласно последната Завршната сметка за 2021 година, вкупните обврски на претпријатието изнесуваат 41.727 илјади денари, од кои само обврски спрема добавувачи изнесуваат вкупно 21.414 илјади денари. Овие и други обврски наведени во завршната сметка секоја година се препишуваат и истите потекнуваат од минати години.

6.2 Обрнуваме внимание на постоење на неизвесност во однос на исходот од вкупно 12 судски постапки кои се во тек, со вкупен износ од 3.347 илјади денари, од кои во 5 судски постапки ЈКП е во својство на тужител, по основ долг, со износ од 1.893 илјади денари и 7 судски постапки во кои е во својство на тужена страна, по основ на парично побарување од работен спор, во износ од 1.454 илјади денари. Исходот од постапките може да има влијание на финансиските извештаи на ЈКП во идниот период.
Во изминатиот период јавното претпријатие преку ангажирање на четири адвокати презело активности за наплата на долгови по основ на неплатени сметки за вода во вкупен утужен износ од 2.218 илјади денари со состојба 31.12.2021 година, која состојба секојдневно се менува бидејќи секојдневно се врши плаќање на застарените сметки за вода од страна на физичките и правни лица. Ангажирањето на адвокатите е преку доставување на списоци на лица (физички и правни) кои се јавуваат како должници во претпријатието, со цел адвокатите да поднесат конкретни предлози за издавање на решение за нотарски платни налози, како и да преземат дејствија пред надлежните извршители и судови. Бидејќи станува збор за многу предмети кои се предадени кај адвокатите, а дел од истите не се целосно завршени односно наплатени, ЈКП во текот на ревизијата со допис се обрати до нив[36], заради побрзо постапување по предметите, поради што исходот од постапките може да има влијание на финансиските извештаи на јавното претпријатие во идниот период.

[36] Бр. 0306-448/1 од 04.11.2022 година

6.3 За обавување на својата дејност собирање, обработка и снабдување со вода ЈКП „Комуналец" Свети Николе, врши набавка на сирова вода од Јавното претпријатие за извршување водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" Пробиштип. Со Договор[37] е регулиран начинот на испорака, количини, мерење и плаќање на набавената сурова вода за потребите на филтер станицата која е во сопственост на корисникот на услугите. Заради неможност да одговори на барањата за плаќање на обврските по фактурите за испорачана сирова вода, ЈКП „Комуналец" Свети Николе има склучено Договор[38] за регулирање на правата и обврските во врска со плаќање на долгот кој заклучно со 30.09.2019 година изнесува 12.613 илјади денари главен долг и пресметаната законска казнена камата во износ од 2.987 илјади денари. Со Договорот е регулирано главниот долг да се подмири на рати и тоа од 82 максимум до 85 рати, а месечниот износ на ратата да изнесува 650 илјади денари, во кој ќе биде вклучена месечната тековна фактура и дел од долгот. По однос на пресметаната законска казнена камата е уредено дека доколку Владата на Република Северна Македонија одобри да се изврши отпис на побарувањата за камата и доколку укаже да не се пресметува законска казнена камата во натамошниот период, да се постапи по одлуката на Владата, во поинаков случај да се продолжи со пресметување на законска казнена камата.

Со 31.12.2021 година во трговските книги и финансиски извештаи на ЈКП „Комуналец" Свети Николе искажана е обврска кон ЈП ХС Злетовица за испорачана сирова вода во износ од 11.027 илјади денари и 4.128 илјади денари казнена камата или вкупно 15.155 илјади денари, кои ЈКП не е во можност да ги плаќа на начин и во износ предвиден со утврдената динамика за исплата.

Заради наведеното во 2022 година повторно е склучен Договор[39] за регулирање на правата и обврските заклучно со 27.01.2022 година, при што утврдени се обврски по основ на главниот долг во износ од 10.242 денари и казнената камата во износ од 4.128 илјади денари или вкупно 14.420 илјади денари, а динамиката на исплата и износите за исплата се коригирани со Анекс на договорот[40].

Ревизијата смета дека треба да истакне дека заради неможноста за редовно плаќање на обврските од страна на ЈКП што продолжува и во текот на 2022 година, постои можност ЈП ХС Злетовица да преземе дополнителни мерки за наплата на побарувањата, што би се одразило неповолно врз финансиската состојба на ЈКП во нареден период.

Од друга страна ревизијата смета дека треба да истакне дека податоците од редовните анализи на сирова вода која е испорачана од ЈП ХС Злетовица, а спроведени од ЈЗУ Центар за јавно здравје покажуваат отстапки од максимално дозволените концентрации во делот на физичко-хемиските и микробиолошките

[37] Бр.0307-98 од 14.03.2012 година
[38] бр. 0307-393 од 31.10.2019 година
[39] бр.0307-45 од 31.01.2022 година
[40] бр.0307-200 од 25.05.2022 година.

карактеристики, односно покажуваат дека испорачаната вода наместо до втора класа[41], припаѓа на категорија од 3-та, 4-та и 5-та класа и содржи примеси кои доведуваат до тоа водата во одредени периоди да биде неупотреблива. Во текот на 2021 година според анализите на ЈЗУ сирова вода од прва класа е испорачана до ЈКП во месец март, април, мај, септември и ноември, а останатите месеци испорачаната вода е и до 5-та класа.

За да може ЈКП да испорача квалитетна вода до граѓаните истата мора да ја преработува при што користи средства за преработка на вода кои создаваат дополнителни трошоци за ЈКП и дополнително чистење на филтрите, што ја зголемува загубата на вода.

Во насока на подобрување на квалитетот на водата што се испорачува ЈКП во неколку наврати се има обратено до ЈП ХС Злетовица со барања за изнаоѓање на решение за решавање на проблемот со квалитетот на водата и испорачување на вода согласно склучениот Договор и Уредбата за класификација на водите.



Филтерна станица

[41] Уредба за класификација на водите

6.4 Ревизијата смета дека треба да се истакне состојбата со две лица кои имаа судски спор со ЈКП поради укинување на работните места со Правилникот за систематизација. Имено, Управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Свети Николе на ден 29.11.2017 година има донесено Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈКП „Комуналец" Свети Николе[42] со претходна согласност[43] од МИОА. Со измената се бришат работните места Помошник директор за технички прашања и Стручен соработник за јавни набавки, за што Управниот одбор донесува Одлука за прогласување на технолошки вишок[44], а Директорот на ЈКП донесува Одлука за откажување на договорот[45] за вработување од деловни причини, за наведените две лица. На одлуката, лицата поднесуваат приговор до Агенцијата за администрација. Агенцијата донесува Одлуки[46] со кои приговорите се уважуваат и одлуките за откажување на договорот се поништуваат, а предметите се враќаат на првостепениот орган на повторно одлучување.

Директорот на ЈКП повторно донесува Одлука за откажување на договорот за вработување од деловни причини[47], на која лицата повторно поднесуваат приговор до Агенцијата за администрација и до УО. Управниот одбор не се произнесува по приговорите, а Агенцијата за администрација донесува мериторна одлука со која приговорите се уважуваат, одлуките за откажување на договорот се поништуваат и се задолжува првостепениот орган подносителот на приговорот да го пријави на трансфер листа која ја води МИОА.

Директорот на ЈКП донесува Одлука за ставање на трансфер листа на вработени чии работни места се укинати и поднесува Барање до МИОА со кое бара лицата да бидат ставени на трансфер листа.

Лицата во 2018 година поднесуваат тужби до Основен суд Свети Николе со кое бараат ЈКП да ги врати на работа на работно место соодветно на нивната стручна подготовка. Тужбените барања се одбиваат како неосновани по што лицата поднесуваат жалба до Апелационен суд Штип кој ја одбива жалбата како неоснована и ја потврдува пресудата на Основен суд Свети Николе. Едното лице поднесува ревизија до Врховен суд на Република Македонија кој ја отфрла ревизијата како недозволена.

Лицата во 2021 година поднесуваат тужби до Основен суд Свети Николе за паричен надоместок од работен однос заради тоа што во периодот кога се ставени на Трансфер листата која ја води МИОА, наместо да бидат пријавени и да им се исплаќа

---

[42] бр.0202-478/3-1 од 29.11.20217 година
[43] бр.12/6-3956/2 од 12.12.2017 година
[44] бр.0202-526/11 од 25.12.2017 година
[45] бр.0402-543/1 од 29.12.2017 година за вработениот Александар Давчев и бр.0402-543/2 од 29.12.2017 година за вработениот Стево Петров
[46] одлука бр.09-130/5 од 07.02.2018 година и бр.09-129/4 од 07.02.2018
[47] бр.0402-84/1 од 15.02.2018 година за вработениот Александар Давчев и бр.0402-84/2 од 15.02.2018 година за вработениот Стево Петров

надомест за плата, лицата добиле отказно решение и не им се исплаќа плата. Судот им ги усвојува тужбените барања во износ од 2.542 илјади денари (состојба со месец ноември 2022 година).
ЈКП заради непостапување по одлуките на Агенција за администрација само за судски трошоци во овој период има исплатено средства во износ од 494 илјади денари.
ЈКП до едното лице испраќа допис Известување[48] со кое го известува дека ќе биде пријавен како вработено лице во Агенцијата за вработување и дека треба да се врати на работа на ден 26.09.2022 година. Лицето се враќа на работа и е пријавено во Агенцијата за вработување на ден 26.09.2022 година.
За другото лице направена е измена на Правилникот на внатрешна организација бр.0202-370/4-1 од 19.09.2022 година и измена на Правилникот за систематизација бр.0202-370/5-1 од 19.09.2022 година. До МИОА е поднесено барање согласност бр.0306-374 од 20.09.2022 година за давање согласност на споменатите акти. Сеуште не е добиена согласност по која другото лице ќе биде вратено на работа и ќе биде пријавен како вработено лице во Агенцијата за вработување.

6.5 ЈКП покрај водоснабдувањето со вода за пиење има надлежност и за одведување на отпадни води. Постојниот систем за собирање и третман на отпадни води во Свети Николе е воспоставен и бил во функција повеќе од 45 години, до 2010 година.
Пречистителната станица била нефункционална поради застареност на поголемиот дел од опремата, поради што отпадните води непречистени директно се испуштале во река.
Во 2020 година направена е реконструкција на дел од прочистителната станица, во рамки на проект Interreg IPA CBC програмата за соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија преку компонентата БИОРЕАЛ. Со овој проект е реализирано постројката да врши соодветно прочистување на отпадните води до степен пропишан од ЕУ директивата за испуст на отпадни води во краен реципиент, за што биле имплементирани соодветни технички решенија изведени на постоечката опрема. Вредноста на изведените работи изнесува 9.239 илјади денари, кои се внесени во сметководствената евиденција на ЈКП.
Ревизијата смета дека треба да обелодени дека и покрај извршената реконструкција, прочистителната станица во 2020 година делумно работи, додека од 2021 година повторно не е во функција. Не прочистувањето на отпадните води влијае неповолно на еколошкиот систем во градот и околината и придонесува за зголемување на загадувањето во општината.

[48] бр.0302-380 од 23.09.2022 година



Пречистителна станица

| БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2021 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-женија** | **2021** | **2020** |
| Приходи од продажба | 3.1 | 63.696 | 61.210 |
| Останати приходи | 3.2 | 4.430 | 2.830 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **68.126** | **64.040** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3 | 18.335 | 15.488 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 4.808 | 4.261 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 35.563 | 34.318 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 2.639 | 2.194 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 5.592 | 5.357 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | | - | 838 |
| Останати расходи | 3.8 | 956 | 149 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **67.893** | **62.605** |
| Финансиски приходи | 3.9 | 10 | 79 |
| Финансиски расходи | 3.10 | 1.333 | 141 |
| **Добивка/Загуба од редовно работење** | 3.11 | **(1.090)** | **1.373** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1 | 550 | 2.633 |
| Побарувања од поврзани друштва | 4.2 | 26 | 26 |
| Побарувања од купувачи | 4.3 | 94.502 | 90.114 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.4 | 256 | 327 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.5 | 25 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.6 | 2.064 | 1.446 |
| Останати побарувања | 4.7 | 3 | 3 |
| Краткорочни финансиски средства | 4.8 | 32 | 37 |
| Залихи | 4.9 | 1.900 | 1.820 |
| **Вкупно тековни средства** | | **99.358** | **96.406** |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства | 4.10 | 26.907 | 14.200 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **26.907** | **14.200** |
| **Вкупна актива** | | **126.265** | **110.606** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.11 | **3.028** | **3.326** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | 4.12 | 15 | 1.153 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.13 | 30.722 | 26.443 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.14 | 607 | 236 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.15 | 32.615 | 29.269 |
| Обврски спрема вработените | 4.1.16 | 2.184 | 2.108 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.17 | 2 | 42 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (пвр) | 4.18 | 9.855 | 0 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **76.000** | **59.251** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.19 | 32.544 | 32.544 |
| Резерви | 4.20 | 1.147 | 1.147 |
| Акумулирана добивка | 4.2.1 | 17.664 | 16.652 |
| Добивка од тековната година | | 0 | 1.012 |
| Загуба од тековната година | 4.2.2 | 1.090 | 0 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **50.265** | **51.355** |
| **Вкупна пасива** | | **126.265** | **110.606** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.2.3 | **3.028** | **3.326** |

П Р Е Г Л Е Д

НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен | Резерви | Акумулира на добивка | Загуба за финансиската година | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| Состојба 01.01.2021 година | 32.544 | 1.147 | 16652 | | 50.343 |
| Зголемувања: | | | | | |
| Распоред на добивката за 2020 година | | | 1012 | | 1.012 |
| | | | | | 0 |
| Намалувања: | | | | | |
| Останати намалувања | | | | -1090 | -1.090 |
| | | | | | 0 |
| Состојба 31.12.2021 година | 32.544 | 1.147 | 17.664 | -1.090 | 50.265 |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ на 31.12.2021 ГОДИНА | |
|---|---|
| | |
| | во 000 денари |
| | 2021/2020 |
| | |
| Готовински текови од опретивно работење | |
| **Нето добивка по оданочување** | (1.090) |
| Амортизација | 2.639 |
| **Готовински текови од работење** | **1.549** |
| Побарувања од купувачи | (4.388) |
| Побарувања за дадени аванси | 71 |
| Поварувања од државни органи и институции | (25) |
| Побарувања од вработени | (618) |
| Краткорочни финансиски средства | 5 |
| Залихи | (80) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | (1.138) |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.279 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 371 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 3.346 |
| Обврски спрема вработени | 76 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | (40) |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 9.855 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **13.263** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 0 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (15.346) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(15.346)** |
| | |
| **Нето зголемување на паричните средства** | **-2.083** |
| | |
| **Парични стредства на почетокот на годината** | **2.633** |
| | |
| **Парични средства на крајот на годината** | **550** |

**ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" – СВЕТИ НИКОЛЕ**
ул. Карпошева бр.82 2220 Свети Николе
тел. 032/443-837 факс. 032/444-333
e-mail: jkpkomunalecsvetinikole@yahoo.com
www.jkpsvetinikole.com.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено Pranuar më: | 03.03.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| | 29-135/5 | | |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ П.О
Бр. 0306-120
02.03 2023 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

**ДО**

**Државен завод за ревизија**

**ПРЕДМЕТ: Забелешки на Нацрт извештај**

**Врска: Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Јавното комунално претпријатие КОМУНАЛЕЦ Свети Николе**

Почитувани,

Директорот на ЈКП „Комуналец" Свети Николе заедно со раководниот тим го разгледа Нацрт извештајот и врз основа на член 30 став (2) од Законот за државната ревизија во законски предвидениот рок поднесуваме забелешки до Државниот завод за ревизија на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Јавното комунално претпријатие КОМУНАЛЕЦ Свети Николе.

Во т. 4.1.1 е утврдено дека не е назначено лице кое ќе врши следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки. Ве известуваме дека Управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Свети Николе на седницата одржана на ден 15.12.2022 година донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр.0202-497/10-1 со кој се додава ново работно место Соработник за јавни набавки. МИОА има дадено Писмена согласност бр.09-257/3 од 23.02.2023 година на Правилникот. Надлежност на извршителот на работното место, меѓу другото, ќе биде следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

ПРИЛОГ: Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр.0202-497/10-1 од 15.12.2022 година, Одлука бр.0202-497/10-2 од 15.12.2022 година, Писмена согласност бр.09-578/3 од 23.02.2023 година

Во т. 4.2.1 е утврдена потребата за основање на единица за внатрешна ревизија. Ве известуваме дека Управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Свети Николе на седницата одржана на ден 15.12.2022 година донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.0202-497/9-1 (со кој по консултации со стручни лица од МИОА се воведува нова организациона единица) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр.0202-497/10-1 (со кој се додава ново работно место Советник – внатрешен ревизор). МИОА има дадено Писмена согласност бр.09-257/3 од 23.02.2023 година.

ПРИЛОГ: Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.0202-497/9-1 од 15.12.2022 година, Одлука бр.0202-497/9-2 од 15.12.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр.0202-497/10-1 од 15.12.2022 година, Одлука бр.0202-497/10-2 од 15.12.2022 година, Писмена согласност бр.09-578/3 од 23.02.2023 година

Во т.4.2.3 е забележано дека директорот на претпријатието треба на секои шест месеци да доставува извештај за работата на претпријатието до Управниот одбор и градоначалникот на општината. Директорот на претпријатието одржа состанок со раководителите на сектори и одделенија на кој беше укажано на обврската секој раководител да ги евидентира активностите во својот сектор/одделение и да учествува во изработката на шест месечниот извештај/ годишниот извештај за работата на претпријатието. Како заклучок, од сите инволвирани беше превземена обврска за изработка на извештајот за работата на јавното претпријатие за период 01.01-30.06.2023 година во законски предвидените рокови и негово доставување до Управниот одбор и градоначалникот на општината.

Во врска со т.4.2.4 истакнуваме дека со изготвувањето на Годишната сметка за 2022 година се изготвени посебен извештај за промена на главнината, извештај за паричните текови и применетите сметководствени политики.

ПРИЛОГ: Извештај за промена на главнината, извештај за паричните текови и применетите сметководствени политики

Во однос на т.4.2.8 истакнуваме дека од страна на претпријатието се превземени мерки и активности и почнувајќи од јануари 2023 година повторно се води евиденција за присуство на работа на лицата ангажирани со договор на дело и се изготвуваат извештаи за нивното работење.

Во т.4.2.9 е укажано органите на раководење и управување на ЈКП да не склучуваат договори за извршување на работи за кои немаат лиценца и капацитети за реализирање на истите. Сакаме да укажеме дека по оваа точка е веќе постапено, односно на 3-та седница на Управниот одбор одржана на ден 21.01.2022 година, членовите на УО изразија резерва во врска со ова прашање и донесоа заклучоци со насоки како да се постапува во иднина, односно да не се превзема обврска за местење на бекатон. Уште повеќе, во 2022 година и 2023 година ЈКП нема потпишано договор со Општината за набавка и местење на бекатон плочки на јавни површини на територија на Општина Свети Николе, а исто така и во Годишниот план за јавни набавки за 2022 и 2023 година не е предвидена ваква јавна набавка.

ПРИЛОГ: Записник од 3-та седница на Управен одбор бр.0202-22 од 21.01.2022 година

Во врска со т.4.2.10 сакаме да истакнеме дека двете товарни возила во моментот не се во возна состојба и не се користат. Веднаш штом ќе бидат поправени и ставени во функција, истите ќе бидат регистрирани.

Во однос на т.4.2.11 од страна на надлежните органи на претпријатието се превземени чекори и утврден е план како да се постапи во однос на префактурирањето на електрична енергија. На

одржаниот состанок на директорот на претпријатието со раководителите се донесени заклучоци да се изготви список на корисници на кои се врши префактурирање на електрична енергија, изработени се обрасци последна опомена со кои на корисниците ќе им се даде рок од 30/45 дена да извршат сопствен приклучок на електрична енергија бидејќи ЈКП ќе им ја прекине испораката на електрична енергија. Исто така, остварен е контакт и со ЕВН КЕЦ Штип.

Во т.4.3.3 во делот на побарувања од купувачи, истакнуваме дека континуирано се превземаат активности за навремена наплата на побарувањата, при што се доставени списоци до адвокатите кои не застапуваат за поведување на извршна постапка, следење на старосната структура (кое се врши мануелно), и редовно утужување. Исто така, се води евиденција на тужените побарувања.

ПРИЛОГ: Ненаплатени побарувања за 2019, 2020, 2021 и 2022 година, Аналитичка картица за тужени побарувања за 2022 и 2023 година за физички лица, правни лица и викендици.

Во врска со т.4.3.6 во однос на надоместокот за користење на вода и надоместокот за испуштање на вода, сакаме да укажеме дека помеѓу ЈКП и Државен инспекторат за животна средина е склучена Спогодба бр.20-3382/3 од 20.09.2021 година со која ЈКП превзема обврска да го плати заостанатиот надоместок по двата основи на 60 месечни рати. ЈКП се придржува кон Спогодбата и секој месец исплаќа рата и тековни надоместоци.

ПРИЛОГ: Спогодба бр.20-3382/3 од 20.09.2021 година, аналитичка картица за 2% придонес за вода и 1% придонес за отпадни води за 2021, 2022 и 2023 година

Во однос на т.4.3.7 укажуваме дека ЈКП дополнително превзема мерки и активности за минимизирање/отстранување на факторите кои придонесуваат за загуби на вода, при што во Програмата за работа на ЈКП за 2023 година меѓу другото е предвидено поставување на водомери на Градски стадион и фонтана. Програмата е донесена на 13-та седница на УО на ден 16.02.2023 година, а на истата согласност има дадено Совет на Општина Свети Николе на 25-та седница одржана на ден 22.02.2023 година (Согласноста се уште ја немаме добиено во хартиена форма).

ПРИЛОГ: Извадок од Годишна програма за работа на ЈКП за 2023 година бр.0202-92 од 16.02.2023 година, Одлука бр.0202-92 од 16.02.2023 година

Во врска со т.4.4.1 превземени се активности во делот на укажувањата. Управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Свети Николе на седницата одржана на ден 15.12.2022 година донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр.0202-497/10-1 со кој се додава ново работно место Соработник за јавни набавки. МИОА има дадено Писмена согласност бр.09-257/3 од 23.02.2023 година на Правилникот. Поднесено е барање согласност до Општината бр.0306-65 од 03.02.2023 година за распишување на јавна набавка на течен нафтен гас за возила (ТНГ), а Општина Свети Николе има дадено согласност бр.0903-42/10-2 од 06.02.2023 година. Во наредниот период ќе биде распишана оваа јавна набавка, но може да се соочиме со проблем да не се пријави никој поради недостаток на економски оператори кои ја извршуваат оваа дејност на територијата на Општината. Одлуките за јавни набавки, како што е презентирано на ревизорите, се изготвуваат со образложение за потреба од јавна набавка.

ПРИЛОГ: Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр.0202-497/10-1 од 15.12.2022 година, Одлука бр.0202-497/10-2 од 15.12.2022 година, Писмена согласност бр.09-578/3 од 23.02.2023 година, барање согласност бр.0306-65 од 03.02.2023 година, согласност бр.0903-42/10-2 од 06.02.2023 година

Во однос на т.4.4.2 сметаме дека паркингот не потпаѓа под Законот за градење согласно член 57 (категоризација на градби). Согласно Законот за локална самоуправа и Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата изработката на физибилити сообраќајна студија за утврдување на потребата од паркинг на подрачјето на општината, обезбедување на одобрение за градба, изготвување на изработен проект и обезбедување на Решение за режим на сообраќај за паркирање на постојани паркинзи е во надлежност на општината. На овластените ревизори им беа презентирани документи од регистрација на дејноста, измената на Статутот, одлуките за утврдување на улиците за паркирање, ценовник, сите документи со согласност од Советот.

Во врска со т.4.4.3 истакнуваме дека е поведена судска постапка за утврдување на точноста и веродостојноста на трошоците за поправка и одржување на возила.

Во однос на т.4.4.4 истакнуваме дека од страна на претпријатието ќе се превземат чекори за утврдување на состојбата на возилото од овластени стручни лица и врз основа на нивните извештаи и наоди ќе се превземат понатамошни чекори.

Во врска со т.6.1 сакаме да укажеме дека целиот овој дел, по наше мислење, не треба да стои во Ревизорскиот извештај на ЈКП „Комуналец" Свети Николе. Имено, ЈКП „Единство" е посебен правен субјект, активен субјект согласно податоците од Централен регистар на РМ, претпријатието има вршител на должност, и нема никаква поврзаност со ЈКП „Комуналец" Свети Николе. Сите наведени забелешки во оваа точка се однесуваат на основачот и сметаме дека треба да бидат составен дел во нивниот ревизорски извештај. ЈКП „Комуналец" Свети Николе како правен субјект, нема начин како да постапи по укажувањата, ниту пак има влијание врз субјектите кои ги донеле одлуките или во иднина ќе ги донесат. Затоа сметаме дека укажувањата по оваа точка, доколку останат во нашиот ревизорски извештај, повторно нема да бидат спроведени до наредниот ревизорски извештај на ДЗР, исто како што не се спроведени од Ревизорскиот извештај за 2008 година до денес.

Во однос на т.6.4 истакнуваме дека од страна на претпријатието е постапено, добиена е согласност на актите за внатрешна организација и систематизација од МИОА, лицето е распоредено на работно место и е пријавено како вработено лице во АВРМ.

ПРИЛОГ: Решение за распоредување бр.0402-516/1 од 27.12.2022 година, М1/М2 од АВРМ

Со почит.

ЈКП „Комуналец" Свети Николе
Директор,
Зоран Јорданов

Изготвил: Д.Максимов

ПРИЛОГ БР.2

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки број 0306-120 од 02.03.2023 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на ЈКП Комуналец Свети Николе, од страна на г. Зоран Јорданов, директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-135/5 од 03.03.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.1** која се однесува на назначување на лице за следење на реализација на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки, **не се прифаќа** од причина што не се доставени нови докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојбата. Донесените измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места бр. 0202-497/10-1 од 15.12.2022 со која се додава ново работно место Соработник за јавни набавки каде се дефинираните работните задачи не е предвидена обврската за следење на реализацијата на склучените договори, ревизијата го имаше во предвид во периодот на вршење на ревизијата.

2. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.2.1** која се однесува на потребата за основање на единицата за внатрешна ревизија, **делумно се прифаќа** поради дополнително доставена документација за преземени мерки по дадената препорака во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Имено, ЈКП достави Писмена согласност бр. 09-578/3 од 23.02.2023 од Министерството за информатичко општество и администрација поради што наодот ќе се дополни а дадената препорака ќе биде соодветно прилагодена.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3**. која се однесува доставување на шестмесечен извештај за работата на јавното претпријатие до Управниот одбор односно градоначалникот на општината претставува **известување** дека ЈКП планира да постапи по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4**. која се однесува изготвување на извештај за промена на главнината, извештај за парични текови и применетите сметководствени политики претставува **известување** е дека Одговорниот сметководител на ЈКП годишната сметка за 2022 година ја има изготвено согласно барањата на Законот за трговските друштва.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.8**. која се однесува на водење евиденција за присуство на работа на лицата ангажирани со договор на дело и изготвување извештаи за нивното работење претставува **известување** дека ЈКП во нареден период ќе постапи по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

6. Забелешката на констатираната состојби во **точката 4.2.9.** која се однесува на склучување на договор помеѓу општината и ЈКП за изведување на активности за кои ЈКП нема лиценца за изведувач **претставува известување** дека ЈКП во нареден период ќе постапи по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.10**. која се однесува на користење на товарни возила кои не се регистрирани и се без важечка сообраќајна дозвола **претставува известување** дека ЈКП во нареден период ќе постапи по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

8. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.11.** која се однесува на снабдување со електрична енергија за викенд куќи кои немаат пристап до електрична мрежа и правни лица сопственици на деловен простор, **претставува известување** дека ЈКП во нареден период ќе постапи по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

9. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3.** која се однесува на не презамените мерки за наплата на побарувањата во минатите години имајќи го предвид општиот рок за застареност и неизвесноста за нивна наплата и евидентирање на сметката  спорни и сомнителни побарувања, **не се прифаќа** поради не доставени дополнителни докази кои ќе влијаат на промена на утврдената состојба. Преземените мерки од адвокатите за ненаплатените побарувања ревизијата ги имаше во предвид во периодот на вршење на ревизијата.

10. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.6**. која се однесува на неизвршената уплата на обврските за надомест за користење на води и надомест за испуштање во води во Буџетот на Република Северна Македонија, **делумно се прифаќа** поради доставена дополнителна документација. Доставена е Спогодба за условно плаќање на глоба помеѓу ЈКП и Државен инспекторат за животна средина со која се задолжува ЈКП долгот по надоместок за користење на води во износ од 3.759 илјади денари и надоместок за испуштање во води во износ од 360 илјади денари да го исплати на 60 месечни рати сметано од октомври 2021 година. Констатираната состојба соодветно ќе биде прилагодена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

11. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.7**. која се однесува на отстапувањето на количината на испорачаната вода и количината на вода која е фактурирана на корисниците, **претставува известување** дека ЈКП со Годишната програма за 2023 година ќе преземе дополнителни мерки за намалување на загубите на вода.

12. Забелешките на констатираните состојби во точката **4.4.1**. се однесуваат на:
    - **алинеја 1** која се однесува на реализација на набавки без спроведување на постапки за јавни набавки, **претставува известување** за планирани активности во текот на 2023 година;
    - **алинеја 2** која се однесува на измена на Правилникот за систематизација на работните места бр. 0202-497/10-1 со кој се додава ново работно место Соработник за јавни набавки **преставува известување** која состојба ревизијата ја имаше во предвид во периодот на вршење на ревизијата и истото е наведено во Нацрт извештајот и
    - **алинеја 4** која се однесува на изготвување на образложенија за потребата за јавна набавка во Одлуките за јавна набавка **се прифаќа** поради доставени дополнителни докази за постапување по препораката на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор со што констатираната состојба е надмината и овластениот ревизор за истата не дава препорака.

13. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.4.2**. која се однесува на изградбата на паркинг без изработена физибилити сообраќајна студија за утврдување на потребата од паркинг на подрачјето на општината, одобрение за градба, изработен проект и обезбедено решение за режим на сообраќај за паркирање на постојните паркинзи, **не се прифаќа.** Наведените состојби во доставените Забелешки ревизијата ги имаше во предвид во периодот на вршење на ревизијата.

14. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.4.3**. која се однесува на трошоците за поправка и одржување на возила **претставува известување** за поведена судска постапка за утврдување на точноста и веродостојноста на трошоците за поправка и одржување на возила но за истата не беа доставени дополнителни докази.

15. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.4.4.** која се однесува на добиено возило како донација од странски донатор за кое се направени трошоци за поправка и се уште не е ставено во употреба поради потреба од дополнителни поправки, **претставува известување** за планирани активности за утврдување на состојбата на возилото од овластени стручни лица и врз основа на нивните извештаи и наоди ќе се преземат понатамошни чекори.

16. Забелешката на констатираната состојба во **точка 6.1** во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет **е образложение** кое Овластениот државен ревизор го истакнува прашањето кое се однесува на формирање на ЈКП Комуналец Свети Николе од постојното јавно претпријатие ЈКП „Единство“ Свети Николе без доследно почитување на одредбите на Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва а од страна на основачот.

17. Забелешката на констатираната состојба во **точка 6.4** изнесена во делот за Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет **е образложение** за кое Овластениот државен ревизор го истакнува прашањето кое се однесува на судски спор поради укинување на работните места со Правилникот за систематизација и непостапување по одлуките на Агенција за администрација по кои се јавуваат тужбени побарувања за кои ЈКП ќе има финансиски импликации во нареден период.